# CONTEMPORARY FORMS OF POLICE TRAINING

**Martina Nedelkovska**
Ministry of Internal Affairs, Republic of Macedonia, m_nedelkovska@hotmail.com

**Abstract:** Contemporary security challenges necessarily impose the need for changes in conventional police action, which from "power with a stick" should change police in a partner of the community that will jointly deal with global security threats, especially after the events of September 11, 2001, have important changed the perception of what kind of security threats should be handled by police services around the world. Transnational organized crime and money laundering are only part of a series of complex criminogenic forms whose dealing without an exceptionally high level of professionalism and expertise will not achieve more than mediocre results in the pre-trial procedure, which is key to the further form of criminal legal effect of the crime. Professionalism and expertise as one of the basic competencies of the police officer, to deal not only with contemporary, but also with routine police activities, have their foundations in the police training where is the start of all preconditions that form professional police officer.
**Keywords**: police, training, forms.

# СОВРЕМЕНИ ВИДОВИ ПОЛИЦИСКА ОБУКА

**Мартина Неделковска**
Министерство за внатрешни работи на Република Македонија, m_nedelkovska@hotmail.com

**Апстракт:** Современите безбедносни предизвици неопходно ја наметнуваат потребата од промени во конвенционалното полициско постапување, кое од „власт со палка“ треба да ја промени полицијата во „партнер на заедницата“ со кој заеднички ќе се справува со глобалните безбедносни закани кои особено по настаните од 11 септември 2001, битно ја променија перцепцијата за тоа со каков тип на безбедносни закани треба да се справат полициските служби ширум светот. Транснационалниот организиран криминал и перењето пари се само дел од низата на сложени криминогени облици чие справување без искучително високо ниво на професионалност и стручност нема да постигне повеќе од просечни резултати во предистражната постапка, која е клучна за понатамошниот облик на кривично правно ефектуирање на кривичното дело. Професионалноста и стручноста како едни од основните компетенции на полицискиот службеник, неопходни за справување не само со современите туку и со рутинските полициски активности, своите темели ги имаат токму во полициската обука каде е зачетокот на сите предуслови кои формираат професионален полициски службеник.
**Клучни зборови**: полиција, обука, видови.

## 1. ВОВЕД

Полициската обука одсекогаш била клучна за постигнување добри резултати во полициското работење. Различните општествено – економски услови, различната организација на полицијата, како и различните состојби со криминалот резултирале со различни стратегии за развој на полициската обука, без постоење на оптимални заеднички стандарди при полициската обука. Она што мора да се напомене е дека високо развиените земји сваќајќи го значењето кое полициската обука го има во поставувањето на темелити знаења, вештини и способности кај полицискиот службеник, истата ја ставиле на највисоко ниво, со тенденција за постојано унапредување заради ефикасна борба со новите видови криминал.

## 2. ПОИМ ЗА ПОЛИЦИСКА ОБУКА

За разлика од образованието , како процес на стекнување општо знаење, кое има широко значење, полициската обука според Роберг (Roy Roberg) означува и „засновање на носењето на одлука ‘зошто’ е нешто направено во текот на вршењето на должноста“. [567] Според истиот автор поимот „обука“ може да се

[567] Roberg, Roy, John Crank, Jack Kuykendall. “Policija i društvo”. Sarajevo: Office of public affairs of Embassy of USA, 2004, наведено според Spahić, Taib. *„Razvoj nacionalnih poliicja u Evropi“*. Sarajevo:CPU, 2012, стр.251.

дефинира како „процес на подучување на поединецот 'како' да ја извршува својата работа така што му се овозможуваат релевантни информации за таа работа". Обуката опфаќа само определени прашања , кои се ориентирани на стекнување на соодветни психомоторни вештини и способности неопходни за вршење на одредена работи и задачи.

Полициската обука треба да се развива низ трите основни компоненти: знаење, вештини и однесување. Станува збор за три меѓусебно поврзани елементи чие развивање низ процесот на обука значи оспособување на лицето да ги врши работните задачи на највисоко можно ниво. Нивното ефикасно поврзување значи и ефикасно извршување на полициските задачи, без проблеми во процесот на адаптација од обуката кон практичната работа.




***Графички приказ бр.1 : Компоненти на полициската обука***[568]

Современите видови обука, не ја ставаат теоријата на пиедесталот во процесот на обука, како што е тоа случај со формалното образование, туку на исто ниво со другите компоненти , кои на полицискиот службеник нема да му предочат само што треба да направи, туку и како истото да го направи. Обуката има за цел да ги развие вештините на полицискиот службеник кои ќе го научат како да се однесува во определена ситуација, како резултат на она што го научил за време на обуката.

Целите на обуката, како и целите на образованието, генерално се:

- хуманистички – формирање и развој на оние особини на личноста за кои постојат соодветни предиспозиции
- економски – унапредување на економската положба на поединецот и придонес на образованието/обуката во постигнување на индивидуална, организациска и општествена продуктивност од работата
- социолошки – изедначување на шанските за социолошко напредување на поединецот, идејна хомогенизација на општеството низ политичка социјализација и развој на доминантен општествен однос. [569]

## 3. СОВРЕМЕНИ ВИДОВИ ПОЛИЦИСКА ОБУКА

Ако се анализираат видовите на полициска обука во Европа, па и во светот може да се дојде до заклучок дека не постојат заеднички стандарди за обука на полициските службеници. Секоја земја согласно општествените услови односно степенот на економски развој, степенот на развој на институциите, стапката на криминал и сл. креира свој систем на обука, кој и покрај тоа што може да искористи странски позитивни

[568] Наведено според: Spahić, Taib. *Policijska obuka u Evropi Jedinstvo u raznolikosti*. Holzkirchen/Obb:Felix,2005, стр.129.
[569] *Opća enciklopedija*, dopunski svezak. Zagreb: Jugoslovenski leksikografski zavod, 1982.

искуства сепак, во помала или поголема мера бидејќи е прилагоден на условите, се разликува од другиот. Сепак тенденцијата кон која се движат генерално сите земји е развој на методите на обука и поголема транспарентност во насока на остварување на целите на моделот „Полиција во заедницата“.

Разликите во спроведувањето на полициските обуки започнуваат од општиот концепт на обука кој може да го спроведува една централна институција, но и повеќе институции кои фунционираат децентрализирано. Наставниот план и програма по која се обучуваат иако генерално опфаќа исти области, сепак нивниот распоред во поглед на практичната настава и методите на учење кои се применуваат се разликуваат. Траењето на обуката зависи од економскиот развој на земјата. Високоразвиените земји генерално организираат подолги полициски обуки, од причина што институциите кои ги организираат обуките располагаат со голем буџет, за разлика од малите држави со послабо развиени економии кои најчесто организираат интензивни обуки.

*Основната обука* е предуслов за влез во полициската организација, и се состои од организирано обучување на кандидатите кои се пријавиле за работа во полиција, а кои успешно го поминале процесот на селекција. Станува збор за точно утврден концепт на теориска и практична настава, кој треба да се реализира во конкретно утврден период. Времето на траење на обуката може да биде различно и како што и претходно е наведено зависи од степенот на развиеност на земјата која ја организира обуката. Генерално малите држави со послабо развиени економии организираат интензивни обуки, кои траат најчесто околу една година. Она што е суштински битно да се напомене е дека интензивната обука како основен предуслов за нејзина успешност ја има добрата и квалитетна селекција на кандидатите, кои на тој начин ќе можат брзо, но и ефикасно да навлезат во полициската професија. Земјите со добро развиен систем на полициска обука, се движат во насока на кратка основна обука, но развивање на системот на специјалистичка и постојана или перманентна обука, кои би овозможиле специјализирање на полицијците во разни области на полициската професија.

*Обуката на среден раководен кадар* е исклучително битна од причина што токму средниот раководен кадар е врската помеѓу високо раководниот кадар кој е одговорен за раководењето и планирањето на полициската работа и полициските службеници на терен кои се директни извршители на планираните активности. Во оваа група спаѓаат командири, заменик командири, помошник командири, сменоводители, како и други полициски службеници кои имаат менаџерска улога, односно се непосредни старешини на полициски службеници. Суштината на обуката се состои од учење и унапредување на вештините за раководење на секојдевно ниво, а наставната програма мора неопходно да се прилагоди на типот на раководен кадар за кој е наменета. Добрата претходна селекција на раководниот кадар во поглед на областа на работа, е клучна за успешност на овој тип на обука, од причина што полициската работа се состои од различни области на делување и постапување кои често пати имаат многу малку заедничко. (пример: униформирана полиција и криминалистичка полиција). Сепак наставната програма треба да ги содржи следните обуки од наведените области на учење:

- Менаџирање со човечки ресурси – раководење со тим, мотивација на вработените, подобрување на работните перформанси на вработените и сл.
- Планирање на полициски активности – раководење со акции, проекти, но и секојдневни активности кои подразбираат инволвираност на повеќе луѓе
- Надгледување на квалитетот на извршување на задачите – контрола на работата на полициските службеници, начин на евалуација на нивната работа, и сл.
- Рутински административни активности – водење на распореди, административни книги и сл.

Приоритет на обуката секогаш треба да биде усовршување на менаџерските потенцијали на лицето, кои ако се земе предвид дека полицискиот службеник менаџира со човечки ресурси, се и тоа како битни за креирање на позитивна атмосфера во полициската организација. На крај мора да се напомене дека прескокнувањето на кариерните скалила во полициската организација не смее да биде тренд кој се движи во нагорна линија, од причина што без оглед на добро организираната обука за раководен кадар, недоволното искуство во секојдневното полициско работење може да резултира со недостаток на знаење во определени области кај старешината, што кај полициските службеници на кои истиот им е претпоставен може да резултира со негативна повратна врска.

*Обуката на висок раководен кадар* е обука на највисокото раководно ниво во полиција кое е креатор на целокупното полициско работење и постапување. Станува збор за комплексна обука која треба да го насочи овој кадар од полициската организација во насока на следење на глобалните трендови, но и позитивни искуства од странски држави , во насока на подобрување на работата, а преку тоа и намалување на криминалот. Обуката треба да се реализира периодично и на неа да се презентираат достигнувањата и

техниките на полициско работење и постапување кои дале позитивни резултати, во насока на изнаоѓање на начини за имплементација на сознанијата преку средниот раководен кадар.

*Специјалистичката обука* е глобалната тенденција на сите современи полиции во светот. Специјализацијата на полицискиот службеник е клучна за ефикасно извршување на неговите задачи, но како предуслов за успешност мора да го има постепеното кариерно напредување на полицискиот службеник во областа за која има предиспозиции да работи. Дисконтинуитетот во овој дел негативно се одразува и на мотивацијата на поединецот, но и на полициската работа во целост. Специјализираноста и стручноста на полицискиот службеник е клучна за професионално извршување на работните задачи. Некои истражувања во оваа област покажале дека специјализирањето во определена област треба да се состои од учење на полицискиот службеник во сооднос 1/3 во институција за полициска обука, 1/3 на работното место и 1/3 во домот. Германија во оваа област го развила „Police online" системот како систем за специјализирање на полицискиот службеник во определена област која освен во облик на постојана (перманентна) обука, која може да ја реализира преку интранет, може да ја реализира и во областа во која полицискиот службеник сака да ги прошири своите знаења.

*Постојана (перманентна) обука* се реализира во вид на редовна обука од определена област/и како облик на стручно оспособување и усовршување на полицијата. Овој тип на обука во определени области се јавува како потреба, бидејќи сите области се предмет на постојани промени. Така едно недела обука која ќе се одржува еднаш годишно за секој полициски службеник , а во која тој целосно ќе се издвои од полициската работа, ќе му овозможи постојано надградување на неговите знаења. После обуката пожелно би било да се спроведе тестирање на знаењата, но и проверка на физичките способности и вештините, кои би го покажале прогресот на перформансите кој полицискиот службеник го има во неговата кариера. Области, кои овој тип на обука би требало да ги опфати, се следните:

- Измени во законската регулатива
- Полициска етика и деонтологија – поврзаност со тековни настани
- Криминалистика – поврзаност со нови појавни облици на криминал
- Одбранбени техники – практична настава и новитети

после што би се реализирало:

- Ракување со оружје – со реализација на гаѓање
- Тест за проверка на знаења (од тековната и претходно спроведените обуки)
- Проверка на биомоторички способности

кои мерливи компоненти би се чувале во досието на секој полициски службеник, покажувајќи го степенот на напредок во кариерата. Овој тип на обука од една страна ги мотивира полициските службеници за подобрување на нивните перформанси, а од друга страна го потврдува исполнувањето на минималните стандарди за полициско работење, кои може врз основа на параметрите да се насочат кон покачување.




***Графички приказ бр.2: Видови полициска обука***

*„Police online"* е обука преку интранет која овозможува преку вмрежена компјутерска програма редовно обучување на полициските службеници. Освен редовните области за обука од постојаната обука која е предвидена, полицајците имаат можност и за избор и за следење на обуката која сакаат да ја изберат. Станува збор за комбинација од повеќе методи на учење како што се самостојно учење, учење со т.н.

„инструктор на далечина" како и следење на т.н. семинари и обуки на далечина, односно преку интранет. На овој начин на полицискиот службеник му се овозможува лесен пристап до информациите кои ќе му овозможат поголема стручност и специјализација. „Police online" е еден од најсовремените методи за обука, за кој иако можеби почетните чекори би биле финансиски пообемни, сепак истражувањата покажуваат дека понатамошното одржување на целокупниот систем би бил економски поисплатлив отколку редовната обука за која се потребни значително повеќе ресурси и капацитети.

**4. ЗАКЛУЧОК**

Полициската обука одсекогаш била клучна за постигнување на добри резултати во полициското работење, што резултирало со тоа високоразвиените земји постојано да ги развиваат своите системи за полициска обука. Според Роберг (Roy Roberg) полициската обука означува и „засновање на носењето на одлука 'зошто' е нешто направено во текот на вршењето на должноста". Обуката се состои од три меѓусебно поврзани компоненти знаење, вештини и однесување кои треба да се развиваат во насока на целите на обуката, а кои се идентични со образовните цели и се од хуманистичка, економска и социолошка природа.
Секоја држава во зависност од степенот на развиеност, општествени услови, стапката на криминал развива разни модели на полициска обука, кои и покрај тоа што може да се преземени од други држави сепак се разликуваат едни од други, а се во насока на поголема транспарентост заради остварување на целите на моделот „Полиција во заедницата". Во светот постојат следните видови полициска обука: основна обука, обука на среден раководен кадар, обука на висок раководен кадар, специјалистичка обука и постојана (перманентна) обука. Сите обуки се подеднакво битни и би ги постигнале целите на обуката само доколку постепено почнувајќи од основната обука се реализираат и му овозможуваат постепено кариерно надоградување на полицискиот службеник. Основната обука е темелот на професионалниот полициски службеник, кој понатаму се специјализира во определена област преку специјализираната обука. Неопходна за постигнување компетитивност е постојаната односно перманентна обука, која треба постојано да ги надополнува знаењата на полициските службеници во тековните промени во областите кои се од нивни интерес. „Police online" е еден од најсовремените трендови во областа на специјаилстичката и перманентната обука во полицијата, кој овозможува обука на полицискиот службеник преку интранет и претставува насока во која треба да се движат современите системи за полициска обука. Кога станува збор за раководниот кадар, се прави дистикција помеѓу среден и висок раководен кадар. И покрај тоа што и во двата типа на обука неопходно мора да се опфатат и унапредат менаџерските способности на полициските службеници кои се старешински кадар, сепак на средниот раководен кадар би требало да се посвети поголемо внимание од причина што тоа е врската помеѓу полициските службеници на терен и стратешките документи креирани од високо раководниот кадар.
Дисконтинуитетот во областа на обуката, но и кариерните скалила речиси секогаш негативно се одразува на полициската работа во целост. И на крај она што мора да се напомене е дека обуката сама по себе не е доволна за успешно остварување на целите заради кои е реализирана. Успешноста во најголем дел зависи од добрата селекција на кандидатите кои се обучуваат, наставниците и инструкторите кои ја спроведуваат, објектите и инфраструктурата, но и од подршката од полициските станици на терен. Стабилното финансирање е неопходен услов за реализија на било кој тип обука. Добро осмислениот наставен план за обука прилагоден на задачите кои полицискиот службеник ги извршува е она што ги обединува сите претходно наведени компоненти, кои се во насока на зацврстување на системот на етичко полициско работење и постојано унапредување на перформанските на полицискиот службеник кој мотивиран за да ги подобри е во насока на подобрување на јавното мислење што резултира со поголема соработка од граѓаните и подобро функционирање на моделот „Полицијата во заедницата" .

**ЛИТЕРАТУРА**

[1] Стојановски, Трпе.(1998). „Некои размслувања за полицискиот образовен модел". *Годишник на факултетот за безбедност*. Скопје: Центар за образование на кадри за областа на безбедноста,. 47-54.
[2] Spahić, Taib. (1997). *Partnerstvo sa zajednicom preduslov uspešnog rada savremene policije*. Zenica: MUP Zeničko-dobojskog kantona.
[3] Spahić, Taib. (2005). *Policijska obuka u Evropi –Jedinstvo u raynolikosti*. Holzkirchen-Obb: Felix
[4] Spahić, Taib. (2012). *Razvoj nacionalnih policija u Evropi*. Sarajevo: CPU.